## Интервју со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски



# Работам министерството да биде партнер на земјоделците

**Според вас како може да се надминат проблемите со откупот и ниските откупни цени, еден од главните проблеми во последните години за земјоделците?**

Прво да ви заблагодарам за одвоениот простор во вашиот магазин и сакам да потсетам дека секогаш ви стојам на располагање. Точно е дека во изминатите години најголем проблем претставуваше откупот на земјоделските производи, односно откупните цени кои беа далеку под рентабилноста и тоа е една од главните причини зошто ни се намалува земјоделското производство и тука сметам дека треба во наредниот период да работиме и ќе работиме да го регулираме целиот процес. Се најавуваат измени на цели законски и подзаконски акти кои што ќе значат дефинирање на правилата на откуп. Ова го кажувам затоа што досега е изгубена довербата меѓу производителите и откупувачите и тука практично се правеше таа манипулација и се злоупотребуваа земјоделците, односно им се земаа производите под рентабилната цена. Со ре-дефинирање на правилата, како министерство се трудиме процесот на откуп, во делот на утврдување на производите цени, во делот на контролите на терен кои ќе ги прави земјоделскиот инспекторат со цел да не се заобиколуваат законите и процедурите, едноставно навистина да се вреднува трудот и нормално тука државата преку механизмите да обезбеди пласман на земјоделските производи. Знаете дека Министерството финансираше, веќе и за наредната година се прави план за финансирање на саемски манифестации каде ќе се промовираат примарните земјоделски производи и преработките, но исто така ќе се стимулира и отворање на преработувачки капацитети во Македонија што би значело решавање на пласманот. На пример, преспанското јаболко треба да се преработува дел и во нашата држава со цел да се добие дополнителна економска вредност ако се извезува тој земјоделски преработен производ. Она што ќе се работи во наредниот период е со сите овие дефинирани правила да имаме цени кои ќе бидат над рентабилноста, со тоа ќе ги задржиме земјоделците на нашите полиња, а од друга страна државата преку мерките кои ги има да биде партнер во креирање на сите политики во иднина.

**Што покажаа за првпат измените на Законот за вино каде што се пресметува производната цена како основа за постигнување реални откупни цени? Дали овој модел може да се преслика кај другите стратешки култури како што се пченицата, сончогледот, оризот и слично?**

Законот кој што е во сила каде што се дефинира начинот на пресметка на производната цена на двете најзастапени сорти на грозје Вранец и Смедеревка, сметам дека треба да истрпи уште некоја корекција за да биде доприцизиран , да биде со полн ефект кој што го очекуваат земјоделците. Овој модел на сличен начин може да биде применет и во останатите земјоделски гранки, односно земјоделски производи, меѓутоа тука сметам дека пред сѐ со една генерална измена треба да се дефинира за кои земјоделски производи ќе се утврдува производна цена секоја година и таа производна цена да биде зголемена за одреден процент што ќе значи добивка кон земјоделците. Доколку има непредвидливи ситуации на пазарот од икс причини нормално е дека државата ќе биде тука преку разни интервенции да интервенира и производната цена да биде зголемена со одредена добивка за на крајот земјоделците да имаат бенефит на крајот од реколтата и тоа практично ќе значи задржување на земјоделците, земјоделското производство, за да нема проблеми, да имаме предвидливо производство и на другите земјоделски култури покрај пченицата да биде тоа и за оризот, сончогледот и останатите најзастапени култури во нашата држава. Откупот на грозје заврши, зголемувањето на откупната цена оваа година беше највисоко во споредба со изминатите години, но сепак најголема загриженост и болка е што повторно откупната цена за грозјето се намалуваше за 8% доколку се плати во рок од една недела, согласно со Законот за вино.



**Националната федерација на фармери со години лобира членот 20 од Законот за вино кој се злоупотребува од откупувачите и винариите да се тргне. Каква е вашата оценка за годинашниот откуп и колку постои шанса до следниот откуп овој член од Законот за вино да се коригира?**

Така е, откупот на грозјето заврши и вистина е дека откупната цена годинава беше највисока ако се спореди со изминатите години. Оваа година, согласно со методологијата за изработка на производна цена на двете најзастапени сорти (Вранец и Смедеревка), е зголемена за 25% постигнати се цени кои изнесуваат 20,8 денари за Вранец и 18,3 денари за Смедеревка. Овие цени беа и зголемени доколку се одвиваше бербата во гајби и се постигнуваа цени од 25 денари за Вранец и 22 денари за Смедеревка. Согласно со Законот за виното, Член 23, став (7) Утврдената цена, може да се намали најмногу до 8% во случај кога исплатата на износот за откупеното винско грозје се врши во целост согласно со членот 20 од овој закон. Во моментов се работи на тоа овој процент да биде намален или целосно укинат. Ова е дел и од точките кои се разгледуваат на потсекторската група за вино, по што ќе следува и предлог за измена на законот за вино.

**Во која насока ќе се планира реализацијата на субвенциите со цел да имаат ефект во производството на храна и намалување на увозната зависност?**

Она што е потенцирано од земјоделците како проблем во изминатите години е и ненавремената исплата на субвенциите (за што е виновно претходното раководство, па јас сега го средувам хаосот кој што ни го оставија), и нивното барање е да се зголемат субвенциите согласно со трошоците и нивниот животен стандард, како и барањето за статусот на апликациите и поголема информираност за текот на исплатата. Согласно со анализите од претходните години, како и фактичката состојба за производството на земјоделски производи, потребен е сериозен пристап и донесување на важни политики кои ќе ги дадат вистинските резултати. Уште од првите денови од моето назначување сериозно се посветивме на овие прашања и затоа веќе е формирана работна група за измени и дополнување на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година (НСЗРР 2021-2027) и на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2027 година (Национална програма). Измената и дополнувањето на НСЗРР 2021-2027 врз основа на дел „III.2. Мониторинг, известување и евалуација на спроведување на стратегијата„ од националната стратегија кој предвидува дека на половината од периодот на спроведување на стратегијата во текот на 2024 година ќе биде направена анализа на реализацијата, односно на постигнатите ефекти и резултати од реализираните политики, врз основа на што ќе биде ажуриран текстот на стратегијата и Националната програма. Верувам дека од овие анализи и предлози ќе произлезат конкретни предлози и мерки кои ќе придонесат во зголемувањето на производството на храна и намалување на увозната зависност.

**Климатските промени имаат огромно негативно влијание врз земјоделството во државата. Ова се покажа како проблем годинава, каде што во сите сектори има пад на производство. Кои мерки и политики се планираат за да им се помогне на земјоделците да го адаптираат своето земјоделско производство кон климатските услови?**

Секако дека природните катастрофи претставуваат голема пречка за развојот во многу земји, разнишувајќи го одржливиот раст и загрозувајќи ги претходните достигнувања во ублажувањето на сиромаштијата. Поради климатските промени, се очекува екстремните временски промени да се зголемат во фреквенција и во интензитет. Во изминатиот период сме сведоци дека климатските промени земаат сé поголем зафат, и тоа преку појава на долги и сушни периоди и кратки и силни временски непогоди. Со оглед на опфатот на непогодите и ранливоста на секторот земјоделство креирање на мерки и програми се повеќе од неопходни, сé со цел да се потпомогнат земјоделските производители да го адаптираат своето производство кон климатските промени. Мерките кои се

наменети за земјоделците се во вид на директна помош кон доходот на производителите и мерки во вид на инвестиции кои се насочени кон адаптација на климатските промени. Мерките за директна помош кон доходот на земјоделците се креирани и реализирани преку Програмата за финансиска поддршка во земјоделството која има за цел да го потпомогне одржувањето на доходот на земјоделските стопанства. Целта на овие мерки е да го одржат земјоделското производство и да ги задржат земјоделците да продолжат со својата работа во средините во кои живеат. Осигурувањето во земјоделството започна од 2008 година и тоа преку Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, поточно преку мерка за помош во премии и осигурување во која е предвидено да се поддржи полисата за осигурување во висина од 60% од вкупната вредност. Оваа мерка сѐ уште е активна, но бројот на осигуреници се намалува од година во година. Врз основа на достапните податоци од компаниите, најголемиот дел од полисите се само за основен ризик, при што одреден број полиси го покриваат и ризикот од мраз (за овошје и грозје) и многу ограничен (во број и/или во години кога беше продаден) број на полиси кои покриваат губење на квалитет и поплава. Оттука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја следи состојбата и движењето на новите модели и начини на системи за проценка и исплата на штети со цел воспоставување на систем кој што ќе биде првично насочен кон земјоделците и тоа во делот на правична проценка на настанатите штети и брза исплата. Во тек е анализа за потребите на Воведување нов систем на осигурување во земјоделството кој што е во напредна фаза и во кој е предвидено Владата и министерството да имаат поголема улога во однос на дефинирањето на висината на полисите, проценката на штетите и исплатата на штетите. Инвестициите во земјоделството се поддржани преку две програми и тоа ИПАРД Програмата и Програмата за рурален развој. Во ИПАРД Програмата се поддржуваат инвестиции во објекти за наводнување на земјоделско стопанство и опрема (вклучително и нови резервоари, танкови, цевки, системи за наводнување - капка по капка, фертиригација, системи за наводнување со пареа и подземно наводнување, инсталации за распрскување, пумпни станици и сл. Инвестициите се поддржани со максимум 75 % од вкупната вредност, сѐ со цел да се подобри наводнувањето на земјоделското стопанство. Исто така во ИПАРД Програмата се поддржуваат и инвестиции за заштита на посевот, т.е. инвестиции во заштитни мрежи и тоа за заштита од град и инсолација. Овие мерки се насочени кон ублажување/приспособување на ефектите од климатските промени и обезбедување на приносот на земјоделските култури. Во Програмата за финансиска поддршка во рурален развој има мерки кои имаат за цел зачувување и заштита од климатските промени, и тоа мерката „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди". Одгледувањето на земјоделските култури на најголемиот дел од територијата на државата е невозможно без дополнително наводнување. Од друга страна, поради зачестените обилни врнежи кои често се поклопуваат со периодите на зголемена влажност, земјоделските површини, особено покрај поголемите речни текови, често се на удар на поплави со големи економски загуби по производството. Оттука, проширување и рехабилитација на постојните и изградба на нови системи за наводнување останува приоритетна потреба. За таа цел се предвидуваат буџетски средства за изградбата на капитални проекти во водостопанството чија реализација е во тек и тоа на: Брана Конско, Брана Речани и хидро систем, Равен – Речица, како и започнување со изградба на Брана на река Слупчанска. Во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021 – 2027 година, предвидена е стратешката цел „Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон нив" која ќе биде реализирана преку специфични цели и тоа: Придонес кон ублажување на климатските промени и прилагодување кон нив, како и поголема примена на одржливата енергија, Поттикнување на одржлив развој и ефикасно управување со природните ресурси како што се вода, почва и воздух и Придонес кон заштита на биодиверзитетот, подобрување на услугите на екосистемот и зачувување на природните живеалишта и пределите. Да сумирам. Климатските промени се голема закана за земјоделските екосистеми и резултираат со негативни влијанија врз лозарството, овоштарството и градинарското производство и тоа во делот на аклиматизацијата на сортите, промени во дистрибуцијата на постојните болести и штетници и појава на нови, физиолошки нарушувања, влијание врз квалитетот на плодовите, проблеми при опрашувањето и формирањето на цветни пупки, појава на почвени болести и штетници, зголемена опасност од ерозија како резултат на повисоки температури но и на обилните врнежи, силен ветер, град, топлотен стрес и сл. Ќе треба промовирање на економски мерки за поефикасно користење на водата каде што ќе креираме мерки за субвенционирање на фармерите за штедење на вода, проекти за осовременување на водените објекти за наводнување и наплата на водата според потрошениот волумен, субвенции, односно намалена цена за воден надомест за користење на ситеми за наводување "капка по капка" и сл. Да се обезбедат средства за проширување на системите за наводнување на нови дополнителни површини за залевање и ќе се овозможи и нејзино повеќенаменско користење во секторите и дејностите каде истата била во дефицит. Научните институции работат на селекција на сорти, кои би биле потолерантни кон сушата и топлинскиот стрес, како и ќе подржиме да се изведат низа на истражувања за можно воведување на култури кои се познати како помали потрошувачи на вода.

**Без вода нема ниту живот, ни земјоделство. Најавивте сериозни суми како инвестиција во обнова на постојните системи за наводнување паралелно со капиталните инвестиции. Дали ќе има брза реализација за следната пролет да се видат првите ефекти и кои се долгорочните планирања околу наводнувањето?**

Се работи веќе интензивно на оваа тема. Планираме средства за санација





на системите за почетокот на идната сезона за наводнување го дочекаме подготвени. Ќе направиме напори да нема пролонгирање на сеидбите кои што значат и намалено количество на храна. Испораката на вода би требало да започне од 15 април 2025 годна. Во моментот МЗШВ финансира изградба, реконструкција и санација на следните системи за наводнување: Лисиче ,Пепелиште, Валандово и Гевгелија- Дојран, системи за наводнување со површина од 15 500 ха. Понатаму,, финансира реконструкција на пумпна станица Дебарско поле 1 500 ха, систем за наводнување Равен - Речица 2 500 ха, Брана Речани дополнителни 1 500 ха во системот на Брегалница, мали системи Новаци и Сопот 650 ха , Колибари 350 ха, систем за наводнување во Теарце 350 ха, Кумановско поле реконструкција на 4 грана, Пумпна станица Марена ХМС Тиквеш. Дел од проектите беа во застој како што се Равен – Речица, Брана Речани и првите четири системи кои се финансирани преку кредит од KfW. Во меѓувреме преземени се голем број активности проектите да се откочат и да се продолжи со нивната реализација.

**Дали и понатаму ќе продолжите со мерки и поддршки за малите оператори за храна и семејните мали винарии, кое воедно е и ЕУ практика за полесна продажба од куќен праг и економско јакнење и одржливост на малите земјоделци во руралните заедници?**

Во врска со мерките за финансирање на малите оператори со храна и малите винарии, ќе се продолжи и понатаму да се поддржуваат и финансираат, но се работи и на тоа овој износ на средства да биде зголемен за да може преку овој вид на поддршка да се реализираат поголеми проекти и да се надградат постојните, како што се мерки за адаптација и изградба на сместувачки капацитети во склоп на малите винарии и оператори со храна. Но би сакал да напоменам дека овие мерки ќе бидат реализирани преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а не како досега преку Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, затоа што претходниот концепт е погрешен, затоа што министерството е креатор на мерките а реализацијата на сите мерки е преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Националната федерација на фармери во изминатите години лобираше да се донесат Правилници за услови и хигиена за производство и ставање во промет на храната од неживотинско и животинско потекло и продажба од куќен праг. Со оглед на фактот што голем дел од малите земјоделци се регистрирани како мали оператори за храна и што реално дел од своето производство го преработуваат во мали преработки, барањето на земјоделците е да се продолжи со Програмата за поддршка на мали оператори со грантови од 10 000 евра во насока на нивни инвестиции и маркетинг услуги како што се промоција, правење на веб страници, флаери и брендирање.

Поддршката за малите оператори за храна и семејните мали винарии беше спроведувана во изминатите две години на начин кој што воопшто не е ЕУ практика ниту практика на Министерството. Доколку се создадат услови за законско уредување на поддршката со задоволство ќе се спроведува во континуитет. Поддршката би се спроведувала преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со претходно програмирање на мерка во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Таа би се исплаќала преку принцип на ко-финансирање на веќе направени трошоци. Досегашната лоша практика на исплаќање на авансна поддршка предизвика нерегуларност во спроведувањето на ваков тип на програми. Затоа Министерството нема да избрзува со носење брзи решенија туку ќе пристапи кон законско уредување на ваквиот тип на поддршки.

**Во последниве години е забележан значителен пад на бројот на овци, кози и крави, односно намалувањето на сточниот фонд е големо . Кои мерки и политики се планира да се преземат за да се намали овој негативен тренд?**

Значителното опаѓање на бројот на овци, кози и крави, односно намалување на сточниот фонд, е состојба која се следи во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и секако се обидуваме проактивно да дејствуваме за запирање на овие тенденции. Во таа насока во овој момент се врши Ревизија на националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година. Со направената ревизија ќе се пристапи кон измена на мерките од Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2023-2027 година каде што на крај ќе се пристапи кон изработка на годишните програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Очекуваме дека со ревизијата на стратегијата ќе бидат проценети состојбите во сточарскиот сектор, и согласно и Програмата на Владата ќе се предложат мерки и активности за запирање на неповолните тенденции а во согласност со Програмата за работа на Владата 2024-2028 година, во фокус се ставени токму овие традиционални сточарски гранки, за што е предвидено директната поддршка да се зголеми за 50%. Самата програма предвидува и поддршка за набавка на високостелни и педигрирани јуници, овци и кози, односно набавка на грла со висок генетски квалитет, како и поддршка за покривање на плати за одгледувачи на овци, кози и говеда.

**На глобално ниво се води битка со фалсификуван мед. Воедно пчеларите укажуваат дека треба да се укинат клиничките прегледи на пчелите кои се предвидени во Законот за заштита и благосостојба на животните. Во пракса, овие прегледи се често предмет на манипулации од страна на ветеринарите, со несразмерни цени и без значителен ефект врз здравјето на пчелите. Што се планира да се преземе од нашата држава за решавање на овој проблем?**

Клиничките прегледи на пчелни семејства се воведени поради слабиот пасивен надзор (пријавување на болести од пчеларите), како мерка за подобрување на здравствената заштита на пчелите. АХВ ги воведе клиничките прегледи на пчелни семејства за да ја подобри контролата на болестите вароза, ноземоза и инфестација со Aethina tumida чие пријавување од пчеларите беше на незадоволително ниво. Цената на клиничките прегледи ја одредува Владата на Република Македонија и изнесува 66 денари по пчелно семејство, што вклучува транспорт и клинички преглед на секое пчелно семејство поединечно. Клиничките прегледи на одгледувалишта на пчели ќе продолжат и во иднина, како што се спроведуваат клинички прегледи на одгледувалишта на говеда, свињи и овци и кози, со кои се откриваат заразните болести кај животните. За спроведувањето на клиничките прегледи на пчелните семејства се водат консултации меѓу претставници на пчеларите и одговорните лица од АХВ на состаноци на Постојаната потсекторска група за мед кои се одржуваат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Идеите за продажбата на државната земја кои времено се стопираа сЕ уште ги држат земјоделците во неизвесност. Дали се планира законски да се стави крај на ваквата можност и можноста за пренамена на квалитетните ниви во градежни, особено за државното земјоделско земјиште како ресурс со огромно значење за нашата земја?**

Во процедура е донесување на Измените на законот за земјоделско земјиште каде го заштитуваме најквалитетното земјоделско земјиште од 1 до 4 категорија со што на ова земјиште нема да може да се врши трајна пренамена во градежно земјиште. Продажбата на земјоделското земјиште согласно со постојните законски прописи се врши само на земјоделско земјиште во државна сопственост над кое има подигнато оранжерии.

**До каде е усогласувањето на Законот за земјоделство и рурален развој согласно со постојните и релевант-**



**ни европски директиви со акцент на економските форми на здружување и статусот на земјоделците како професија, а не како социјална категорија?**

Формирана е работна група која има задача во рок од 3 месеци да достави предлог нов текст на Законот за земјоделство и рурален развој каде ќе се инкорпорираат постојните европски директиви и регулативи и во посебно поглавје ќе бидат опфатени економските форми на здружување, вклучително и задругите за вршење на земјоделска дејност, а со подзаконски акти ќе се дорегулира останатиот дел кој ќе ги допрецизира овие одредби. Статусот на земјоделците како професија е дефиниран во Законот за вршење на земјоделска дејност и повластената стапка за вршителите на земјоделска дејност согласно со законот за задолжително пензиско и здравствено осигурување и него го користат значителен број земјоделци за остварување на определени бенефиции, цели и поволности.

**Мерките за поддршка на младите земјоделци и жените од руралните средини се нешто што може да помогне да се задржи производството на храна и да опстојат руралните заедници. Во Програмата за рурален развој постои Мерка за млад земјоделец, активен женски член во земјоделско стопанство и оддела Програмата за социјална сигурност за регистрирани земјоделки, која им обезбедува паричен надоместок за мајчинство во текот на девет месеци. Кои се плановите на Министерството за функционирање на ваквите мерки и нивно проширување?**

Секако дека младите земјоделци биле и ќе останат во фокусот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Секако моја главна цел е луѓето во руралните средини, не само да опстојат туку и квантититативно и квалитативно да придонесат во производството на храна. Како што претходно напоменав, во процесот на ревизија на повеќегодишните програми секако дека главен фокус ќе се даде на овие мерки. Во периодот што следува мерките за млад земјоделец и рурална жена ќе бидат опфатени во Програмата за рурален развој, дополнети и проширени. Имаме мерка за ослободување од плаќање на закуп за период од 3 години за лица корисници на државно земјоделско земјиште помлади од 40 години. За регистрираните земјоделски стопанства по Законот за вршење на земјоделска дејност се предвидени 20 % поголеми субвенции на вкупно пријавените капацитети.